**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за планирање и уредување на просторот**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот**

# ПРЕДЛОГ - О Д Л У К А
**за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Шуто Оризари за реконструкција на улица „Македонско Косовска Бригада“, крак 38 и крак 40**

Скопје, октомври 2022 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 и член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), Советот на Град Скопје на __________ седница, одржана на _______ 2022 година, донесе

О Д Л У К А
за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Шуто Оризари за реконструкција на улица „Македонско Косовска Бригада“, крак 38 и крак 40

Член 1

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Шуто Оризари за реконструкција на улица „Македонско Косовска Бригада“, крак 38 и крак 40 и се уредува начинот и условите на финансирањето, како и други прашања во остварување на заедничката цел и интерес.

Член 2

Вкупната вредност за реализација на меѓуопштинската соработка од членот 1 на оваа Одлука, изнесува 5.831.140,00 денари со вклучен ДДВ, односно 2.974.500,00 денари со вклучен ДДВ за крак 38 и 2.856.640,00 денари со вклучен ДДВ за крак 40.

Градот Скопје во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со средства во висина од 5.831.140,00 денари, со вклучен ДДВ, обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2022 година, од подпрограма Ј6 424.

Општина Шуто Оризари во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со решавање на можните имотно-правни спорови.

Средствата од ставот 2 на овој член ќе се користат исклучиво за намената од член 1 на оваа Одлука и во согласност со прописите со кои се уредуваат градежни работи од ваков тип, а работите ќе ги изведе ЈП Улици и Патишта – Скопје, согласно договорот за одржување и реконструкција насообраќајници во надлежност на Град Скопје, бр. 08-1924/1 од 23.02.2022 година.

Член 3

За реализација на оваа одлука Градоначалникот на Град Скопје ќе склучи договор со Градоначалникот на Општина Шуто Оризари, во форма и содржина пропишана во Законот за меѓуопштинска соработка.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број __________
________ 2022година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
Трајко Славески

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на оваа Одлука е членот 36 и членот 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“број 5/02), и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), согласно кои Советот на Град Скопје е надлежен за донесување на одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка заради остварување на заеднички интереси и вршење на заеднички работи од надлежност на општините. За остварување на заеднички интереси и цели во вршењето на надлежностите, општините здружуваат финансиски и материјални средства. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка донесува секој од советите на општините. Поаѓајќи од таквата можност, а аргументирана од страна на Градот Скопје и Општината Шуто Оризари како проект во рамките на редовна стручна соработка, го оценуваат како еден од заедничките приоритети.

Врз основа на проценка извршена од страна на изработувачот на проектната документација, констатирано е дека за реализација на проектот за реконструкција на улица „Македонско Косовска Бригада“, крак 38 и крак 40 во Општина Шуто Оризари потребни се 5.831.140,00 денари со вклучен ДДВ, односно 2.974.500,00 денари со вклучен ДДВ за крак 38 и 2.856.640,00 денари со вклучен ДДВ за крак 40.

Средствата потребни за реализација на оваа одлука, Град Скопје ќе ги обезбеди од Буџетот на Град Скопје за 2022 година.

Врз основа на горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука.